# Е - МАПАС
# бр. 2

март 2013 година

Следете не и на:
[http://www.facebook.com/MAPAS.MK](http://www.facebook.com/MAPAS.MK)

## Заврши проектот финансиран од ЕУ за поддршка на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

Со средства обезбедени преку ИПА фондовите, како дел од компонентата ТАИБ 2008, во текот на 2011 и 2012 година беше спроведен проектот „Поддршка на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување".

Целта на проектот беше обезбедување техничка помош за МАПАС преку која ќе се зајакнат супервизорските капацитети на МАПАС, ќе се воспостави стратешко и деловно планирање, ќе се дефинираат и документираат деловните процеси и ќе се овозможи развој на ИТ и истражувачките капацитети на Агенцијата. Со проектот беше воведен и стандардот ISO 9001.

Трите клучни компоненти на проектот беа:

- Воведување на супервизија базирана на оценка на ризиците
- Стратешко и деловно планирање со дефинирање на деловни процеси
- Подобрување на знаењето и безбедноста

Овој проект не само што дава значајна можност за зајакнување на капацитетите на МАПАС за вршење поуспешна и поефикасна супервизија на пензискиот систем, туку воедно помага да се поттикне поуспешен развој на капитално финансираното пензиско осигурување и поголема сигурност на средствата на членовите и нивните идни пензии.

*Пред да проговориш, слушај.*
*Пред да напишеш, размисли.*
*Пред да потрошиш, заработи.*
*Пред да инвестираш, истражи.*
*Пред да критикуваш, почекај.*
*Пред да се помолиш, прости.*
*Пред да се откажеш, обиди се.*
***Пред да се пензионираш, заштеди.***
*Пред да умреш, давај.*

*Вилијам А. Вард*

*За да уживаш во долги и комотни пензионерски денови заштеди повеќе денес.*

*Суз Орман*

## 2012 низ бројки

## ВТОР СТОЛБ

### 323 480 членови во задолжителните пензиски фондови






174 970 мажи, најмногу на возраст од 26 до 30 години



148 510 жени, најмногу на возраст од 26 до 30 години

343 милиони евра во задолжителните пензиски фон дови

32% пораст во однос на 2011 година






### *Портфолио на задолжителните пензиски фондови*




### *Движење на сметководствените единици на задолжителните фондови*



## 2012 низ бројки

## ТРЕТ СТОЛБ

16 755 членови во доброволните пензиски фондови

75% во пензиска шема со професионална сметка

25% со индивидуална сметка

*12499 вработени во 2.040 шеми.*

*Од овие, 23 шеми имаат над 100 члена.*



3 милиони евра во доброволните пензиски фондови

80% пораст во однос на 2011 година

*Движење на сметководствените единици на доброволните пензиски фондови*




## Најчесто поставувани прашања

**Која е целта на третиот столб?**
Примарна цел на ова осигурување е:
- Обезбедување повисок приход по пензионирањето за осигурениците кои се веќе осигурани во едностолбниот и/или двостолбниот пензиски систем (задолжително пензиско и инвалидско осигурување), а кои сакаат и се во можност да издвојат дополнителни средства заради поголема материјална сигурност или одржување на повисок стандард на живеење по пензионирањето;
- Обезбедување пензија на лицата кои не се опфатени со задолжителното пензиско осигурување лично за себе или од други лица;
- Обезбедување предуслови за воспоставување на професионални пензиски шеми во процесот на усогласување на системот на социјално осигурување во Македонија со системите во Европската Унија.

**Што се подразбира под поимот "заменска стапка"?**
Заменската стапка е дефинирана како соодност на пензијата на лицето со неговите остварени плати. Има повеќе дефиниции, како што е соодност на првата пензија на лицето во време на пензионирањето со неговата последна плата добиена пред пензионирањето или соодност на првата пензија со просечната плата заработена во текот на неговиот работен век (со направени усогласувања кои ја одразуваат инфлацијата и економскиот раст).

**Што е чувар на имот на пензиските фондови?**
Чуварот на имот на пензиските фондови има улога безбедно да ги чува средствата на задолжителните и добоволните пензиски фондови на посебни сметка, издвоени од средствата на пензиските друштва. Чувар на имот е банка која има дозвола издадена од Народната банка на Република Македонија и која ги исполнува законските услови за чувар.

**Потсетување за членовите на трет столб - ПОВРАТ НА ДАНОК**

Членовите на доброволен пензиски фонд кои имаат уплатено средства во доброволниот пензиски фонд, кои се претходно оданочени со персонален данок на доход, имаат право на поврат на платениот персонален данок на доход. Ова правото може да се оствари со поднесување на „Барање за поврат на персонален данок на доход на индивидуална сметка“ (образец БПП-ИС/ДПФ) кое се поднесува до Управата за јавни приходи. Во прилог на барањето, задолжително треба да се достави и доказ за платениот персонален данок на доход во Македонија, за износот кој се побарува за поврат.

***Новости***

- ***Во јануари 2013 година донесени се измени на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување***

Измените на законите се направени со цел воведување на супервизија заснована на оценка на ризик, како и усогласување со Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од втор и трет столб.

Оваа супервизија значи поголем акцент на проактивно одредување, мерење и контрола на ризиците, како и поставување заштитни мехнизми за контрола и управување со ризиците. Исто така, се предвидува воспоставување на фидуцијарната одговорност на пензиските друштва во насока на заштита на интересите на членовите и поголема транспарентност со објавување на номинален и реален принос.

Во насока на заштита на интересите на членовите постепено се намалува максималната висина на надоместоците кои ги наплатуваат пензиските друштва од членовите.

- ***Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 12.02.2013 и 18.02.2013 година, го именува Советот на експерти на МАПАС***

Советот има тројца професионално ангажирани експерти членови и двајца надворешни членови.

Претседател на Советот
- д-р Булент Дервиши

Професионално ангажирани експерти:
- Ментор Јакупи
- Елизабета Видовиќ

Надворешни членови:
- д-р Томе Неновски
- д-р Силвана Мојсовска

Имате прашања? Јавете се во МАПАС или напишете порака на contact@mapas.gov.mk.

**Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)**
Ленинградска 100, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел: (02) 3224 229;3166 452
www.mapas.gov.mk